МИЛЕНА

Акционерско друштво во државна
сопственост за управување со воздушниот сообраќај
и давање услуги во воздухопловна навигација

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për
Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve
në Navigacionin Ajror

М-НАВ

Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror
М-НАВ АД - M-NAV SHA
Бр.-Nr. 0103-17541/1
27-12-2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
МАКЕДОНСКА БЕРЗА АД СКОПЈЕ

**Предмет: Известување по член 166-б од Законот за хартии од вредност**

**Почитувани,**

Во согласност со член 166-б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005; 25/2007; 7/2008; 57/2010; 135/2011; 13/2013; 188/2013; 43/2014; 15/2015; 154/2015; 192/2015; 23/2016 и 83/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 31/2020, 288/2021 и 53/2024), Ве известуваме дека согласно Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје бр. 41-11578/7 од 17 декември 2024 година, (објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/24 од 18.12.2024 година), донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на Друштвото, објавен е пречистен текст на Статут на Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/24 од 24.12.2024 година) и извршен е упис на промена во трговскиот регистар на називот/фирмата и скратениот назив на Друштвото, како и промена на предметот на работење на друштвото, во согласност со Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2024 и 224/2024).

Врз основа на горенаведениот упис на промена во трговскиот регистар Ве известуваме:

Целосниот назив гласи: Акционерско друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје.

Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror ShA M-NAV Shkup

Кратко име: М – НАВ АД Скопје ShA M-NAV Shkup

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

1. Давање услуги за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација (ATM/ANS услуги) како приоритетна дејност на Друштвото, која опфаќа:

а. ATM функции и услуги (Air Traffic Management) - управување со воздушниот сообраќај што подразбира збир на функции во воздух и на земја (услуги на воздушен сообраќај (ATS), управување со воздушниот простор (ASM) и управување со протокот на воздушниот сообраќај (ATFM)), кои се потребни за безбедно и ефикасно движење на воздухопловите за време на сите фази од летот;

б. ANS услуги (Air navigation services) кои опфаќаат услуги на воздушен сообраќај (Air Traffic Services-ATS); услуги на комуникација, навигација и надгледување (CNS Services), метеоролошки услуги (MET Services) и услуги на воздухопловно информирање (AIS Services);

в. NFS мрежни функции и услуги (Network functions and services) кои се даваат со цел обезбедување на детални аранжмани за донесување на заеднички одлуки меѓу земјите-членки на ЕЗВО, давателите на ATM/ANS услуги и функцијата за управување со мрежата;

г. услуги со кои се подобруваат сигналите кои ги испраќаат сателитите од примарните констелации на GNSS за потребите на воздухопловната навигација;

д. изработка на процедури на летање; и

ѓ. услуги кои се состојат од создавање и обработка на податоците како и форматирањето и испораката на податоците на општиот воздушен сообраќај за потребите на воздухопловната навигација.

2.Обука на ANS персонал.

3.Изготвување и редовно ажурирање на Зборникот на воздухопловни информации врз основа на податоци добиени од утврдените оригинатори.

4.Други дејности поврзани со воздухопловната навигација.

Ве молиме за објава на ова известување на веб страната на Македонска берза.

**За М-НАВ АД Скопје**
**Овластени лица**

Владимир Ристески, Претседател

Buran Aliti, Член

Климент Чепуњоски, Член

Македонско Друштво во државна сопственост за управување со воздушниот сообраќај и давање услуги во воздухопловна навигација
АД Скопје
М-НАВ
M-NAV
SHA Shkup
Shoqëria Aksionare në Pronësi Shtetërore për Menaxhimin e Trafikut Ajror dhe Dhënien e Shërbimeve në Navigacionin Ajror